# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**

**Бр. 3 год. 23**

**Општина Чучер - Сандево, Февруари 2020 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Четврток** | **Бр. 3** |
| **по потреба** | **20 февруари 2020 година** | **Год. 23** |


# 7.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/1**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" 244/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница, одржана на **19.02.2020** година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **А0** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0 | 6.894.796 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 |
| | | 0 | 6.894.796 | 10.000.000 | 0 |

И се распоредуваат на следните расходни потставки :

| Потпрограма Потставка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици и патишта | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 |
| **К20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 912.447 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 5.342.349 | 0 | 0 |
| | | 0 | 6.894.796 | 10.000.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер Сандево" и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2020 година.

**Бр. 08-195/3**
**19.02.2020 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/2**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 60 од Законот за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште (“Службен весник на Р.С.М.” бр.275/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **19.02.2020** година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**ВОВЕД:**

### 1. Општ дел

Согласно Закон за градежно земјиште, градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените

објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## 2. Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Чучер-Сандево, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на 2020 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото (мапите се дефинирани со урбанистичко планска документација).

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на реализацијата на Годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат во опфат на територија на Општина Чучер-Сандево.

## 3. Основи за изработка на Програмата

### Законски основ

Законски основ на програмата за располагање со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр.5/02), Закон за градежно земјиште (“Службен весник на Р.М.” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/6 и “Службен весник на Р.С.М.” бр.275/19) и члeн 20 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево.” бр.5/19).

### Основни плански документи

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

-Општи акти за населените места;

- Програма за изработка на урбанистички планови во 2020 година и

-Други стратешки документи.

## 4. Цели на Програмата

### -Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој со инвестиции од јавниот и приватниот сектор.

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**5. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата**

Со оваа програма се опфатени парцели сопственост на Република Северна Македонија (кои до донесување на програмата се идентификувани како такви).

**Преглед на градежни парцели**

**<u>Општ акт с.Кучевиште</u>**

**1. Информации за градежна парцела:**

1. Број на градежна парцела: **Г.П.6016**
2. Вкупна површина на градежната парцела: **4986 м2**
3. Намена на земјиштето (основна класа): Г-производство, дистрибуција и сервис
4. Намена на земјиштето (опис): **градежно неизградено земјиште**
5. Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: **КП 6016 К.О. Кучевиште вон град**
6. Површина за градба: **3784 m2**
7. Бруто развиена површина: **4986 m2**
8. Процент на изграденост: **0 %**
9. Коефициент на искористеност на земјиштето: **0 К**
10. Максимална дозволена висина: **10.20 m**
11. Катност: П+2+Пк
12. Почетна/Утврдена цена по метар квадратен
13. Вкупна почетна/утврдена цена

**6. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересираните страни за купување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори и претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.

Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање / промовирање на понудата до заинтересираните страни.

Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

Согласно соодветно утврдената категоризација по категории во генералниот урбанистички план и деталните урабанистички планови на соодветен начин се дефинираат и утврдени целните групи за одделни градежни парцели и согласно нивниот интерес.

**Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

Врз основа на можностите кои ги имаме како општина како најсоодветни начини преку кој општината може да направи добар маркетинг е да ги организра следниве активности и тоа:

-организирање на форуми,
-собири на граѓани,
-рекламни спотови,
-веб сајт информации и др.

На овој начин се смета дека општината ќе успее да анимира и информира голем број на потенцијални учесници на електронските аукции кои ќе ги спроведуа со што ќе ја зголеми конкурентноста, а со тоа и дирекната финансиска и економска корист на општината од самиот процес.

**Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

Во зависност од тоа која активност ќе се спроведува за да се организира добар маркетинг зависат и трошоците, тешко е прецизно да се пресмета вкупниот износ на трошоци, но во согласност со финансиските можности, општината ќе користи економична маркетинг стратегија.

Станандардните модели на информирање собири на граѓани, форуми ќе се реализраат од страна на вработените во општината, ќе се користи логистика и простор на нивно одржување кое е на располагање на општината и сл. со што се прават напори овој трошок за спроведување на активности во делот на маркетингот да не преставуваат големи финансиски издатоци за општината, со исклучок на објавувањето во дневните весници и сл. она што со закон е пропишано за самата постапка.

**Дефинирање на временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата**

Имплементацијата на маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата. Имено процесот ќе биде континуиран бидејќи се планира во интензитет да се прават електронски аукции со цел да се реалзираат поголем број на инвестициони активности од страна на приватниот сектор односно потенцијалните инвеститори.

**Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Лица кои ќе бидат задолжени за спроведување на маркетинг стратегијата се Комисијата со сите свои членови и администрацијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

## 7. Динамика на реализација на Програмата

Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите на реализација на Буџетот на Општина Чучер-Сандево и тоа во четири квартали на годишно ниво. Реализацијата ќе се одвива континуирано во текот на 2020 година со целиот свој опфат од градежните парцели дадени во прогармата.

## 8. Пропишување на условите за надавање

Се пропишуваат/определуваат следните параметри:

**1.** височината на депозитот за учество,
**2.** определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето,
**3.** одредување на условите за учество,
**4.** годишен обрт на средства за правни лица,
**5.** да има изградено минимум еден објект со намена на парцелата,
**6.** пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето.

## Лица надлежни за реализацијата на Програмата

Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на општина Чучер-Сандево согласно Законот за градежно земјиште.

## 9. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно согласно уредбата за минимална почетна цена за метар квадратен градежно земјиште.

## 10. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на слдните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;

-трошоци по основ на експропријација;

-трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица, и

-трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**11. Преодни и завршни одредби**

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

За спроведување на програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-195/4**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 9.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/3**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 ), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **19.02.2020** година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

1.Годишната програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација, уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

2.Во текот на 2020 година се планираат активности за изработка на:

2.1.Урбанистички план за вон населено место - индустриска зона Глуво-Бразда;

2.2.Урбанистички план за вон населено место - дел од КО Побожје;

2.3.Општ акт за с.Блаце;

2.4.Локална урбанистичко-планска документација и

2.4.Урбанистичко-проектна документација.

3.Финасиски средства за реализација на програмата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година и од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Чучер-Сандево.

4.Во текот на годината зависно од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

5.Врз основа на Годишната програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, општината како нарачател ќе склучи договор за изработка на планови со правни лица кои имаат овластувања и лиценца за изработка на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање со исклучок на Урбанистички план за вон населено место - индустриска зона Глуво-Бразда, за кој план општината врз основа на Програмата за 2017 година и спроведена постапка има склучено договор за изработка на планот.

6.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр.08-195/5**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 10.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за заштита и спасување за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/4**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 1 став 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002) а во врска со член 9 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/2018) Советот на Општина Чучер Сандево на **29-та** седница, одржана на ден **19.02.2020** година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за заштита и спасување за 2020 година**

## 1.ВОВЕД

Заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира и спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.

За организирање на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на :

-навремена идентификација и процена на веројатноста и интезитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра

-нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните,

-рационалност и ефикасност во искорисување на ресурсите и капацитетите.

## 2. ЦЕЛИ

Целта на оваа програма е преку делување и обуки да се ублажат последици од можна непогода.

Целта ќе се постигне преку обезбедување на предуслови за беспрекорно делување на силите на Општината и континуирано оспособување за заштита и спасување во образовните институции.

## 3. АКТИВНОСТИ

Од урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување, за 2020 година, предвидени се следните активности:

-Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

- евакуација и згрижување.

Општина Чучер Сандево преку оваа Програма за 2020 година ќе допринесе за непречено справување со пожар на отворено и подготвеноста на силите на училиштата и учениците да биде на повисоко ниво.

Активност 1

Делување на сили за гаснење на пожари (по потреба)

Потребни средства.......................................................................... 5.000,00 денари

Силите кои се обучени и лицето за заштита и спасување, во случај на потреба ќе бидат ангажирани, првично до пристигнување на противпожарните екипи на Град Скопје како и се до престанување на опасноста.

Активност 2

Тренинг на силите во основните училишта со вклучување на учениците на вежба со поставено сценарио

Потребни средства.......................................................................... 10.000,00 денари

Активноста ќе се спроведе во соработка со Дирекција за заштита и спасување/Центарот за обуки и Црвен Крст на РМ и слични субјекти кои ке се процени дека се потребни.

Тековно во 2020 година, се спроведуваат дополнителни информативни и промотивни активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари, во соработка со ДЗС, ЦУК, ТППЕ и слични субјекти кои работат на оваа проблематика.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите од областа на заштита и спасување ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2020 година.

**Бр.08-195/6**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 11.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита и спасување за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/5**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ), член 23 став 1 точка 44 од Статутот на општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **19.02.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на заштита и спасување во 2019 година, бр.**06-171/1** од 03.02.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-195/7**
**19.02.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 12.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/6**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 5/02), член 95 од Законот за градежното земјиште (“Службен весник на Р.М.“ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и “Службен весник на Р.С.М.“ бр.275/19,), член 4 став 1 точка 3 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19) и член 23 став 1 точка 8 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **19.02.2020** година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година бр.08-05/4 од 09.01.2020 година (“Службен гласник на Општина Чучер-Сабдево“ бр.01/2020) на тој начн што:

-во подточка 6.1.3. бројот “500“ се заменува со бројот “600 “.

-во подточка 6.2.1. бројот “28“ се заменува со бројот “30 “

-во подточка 6.2.2. бројот “500“ се заменува со бројот “600 “.

-подточка 6.4.1. се менува и гласи:

“6.4.1. За објекти со намена производство, дистрибуција и сервис надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува:

Г1 тешка загадувачка индустрија ............................................................118 €

Г2 лесна и незагадувачка индустрија .....................................................118 €

Г3 сервис ........................................................................................118 €
Г4 стовариште ...................................................................................118 €

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево“.

**Бр. 08-195/8**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 13.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ-РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА СЕЛО БЛАЦЕ

Се објавува **Одлука за сопствено учество во реализација на проект-Рехабилитација на дел од локален пат за село Блаце,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-та** седница, одржана на **19 февруари 2020** година.

**Бр.09-239/7**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница, одржана на ден **19.02.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА СЕЛО БЛАЦЕ

**Член 1**

Реализацијата на Проектот- Рехабилитација не дел од локален пат за село Блаце, на стационажа од 1+200 м' до 2+200 м', ќе се реализира со средства од: Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година и Бирото за регионален развој на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Општина Чучер-Сандево во реализција на Проектот од член 1 на оваа одлука ќе учествува со средства во износ од 9.677.000,00 денари, Програма JD0-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, конто 482 130- -реконструкција на патишта и улици, односно 58 %.

Од Бирото за регионален развој на Република Северна Македонија побарани се средства за учествува во износ 7.000.000,00 денари, односно 42 %.

Доколку Бирото не ги додели побараните средства во цел износ, разликата помеѓу побараниот и доделениот износ ќе се дообезбеди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-195/9**
**19.02.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

стр

7. Одлука за проширување на средствата
на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ................................ 1

8. Програма за работа во областа на располагање со градежно
земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на
подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ............................... 3

9. Програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко
планска документација и урбанистичко проектна документација
на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ........................... 9

10. Програма за заштита и спасување за 2020 година ......................................... 10

11. Одлука за усвојување на извештајот за реализација
на програмата за заштита и спасување за 2019 година ................................. 12

12. Програма за измена и дополнување на програмата
за уредување на градежно земјиште на подрачјето
на Општина Чучер-Сандево за 2020 година .................................................. 13

13. Одлука за сопствено учество во реализација
на проект-Рехабилитација на дел од локален пат за село Блаце ............... 14